

# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН




**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**
**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**
**14-21 мај 2024 Билтен бр. 562**

# КАРПОШ ЌЕ СЕ РАЗЕЛЕНУВА СО 200 НОВИ ДРВЈА

**Во дворот на ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош", денеска се засадија првите садници во рамки на акцијата за пролетно озеленување во Општина Карпош. Оттука, започнува пролетното садење во сите урбани заедници, во кои се предвидени да се засадат вкупно 200 листопадни и зимзелени дрвја и тоа: црвен јавор, каталпеа, зелен јавор,фотинија дрвја, туја пликата, црвена слива, цветен пепел, црвен костен, црвена гума (ликвдамбар), и јапонска цветна цреша.**

**Во оваа прилика, претседателот на Советот на Општина Карпош, Бранко Ристов, се обрати и ги соопшти информациите за пролетното озеленување.**

**-Од денеска, започнуваме со пролетното садење на дрва, а наесен ќе се врши замена на старите дрвја на територија на Општина Карпош. Се работи за програма која функционира подолго време на територијата на Општина Карпош, која традиционално успешно се спроведува. Затоа Карпош е меѓу нај зелените општини, ако не и нај зелената Општина во оваа држава. При пролетното садење ќе се засадат нови 200 дрвја, а се работи за повеќе видови на стебла. – заврши Петров.**

**Од буџетот на Општина Карпош, издвоени се 1.500.000 денари за целата година, а кои се наменети за набавка на афтохтони и алохтони висококвалитетни листопадни и зимзелени дрвја, додека пак за пролетното садење, Општината издови средства во висина од 500.000 денари.**



# УЧЕНИЦИТЕ ОД „КОМЕНСКИ“ УЧЕА ЗА „SUP“ СПОРТОТ

**Претставници на мобилната организација Paddle Klub во понеделникот одржаа едукативна презентација во рамки на ООУ „Јан Амос Коменски“, на која присуствуваа основците од петто до деветто одделение. Имено, учениците од „Коменски“ се запознаа со техниките на возење со веслање на вода или т.н бордирање со веслање, којашто е релативно нова спортска активност во нашата земја. На овој начин стручните лица од Paddle Klub кој патем е единствениот регистриран „SUP“ клуб во нашата држава, ги разбудија љубопитноста и авантуристички дух на младите карпошани.**

**Инаку, Paddle Klub нуди различни SUP курсеви, тури и експедиции ширум нашата татковина, која изобилува со планински и глечерски езера, реки и водопади, како и 15 вештачки и три природни езера, кои нудат одлични услови за веслачите. Овој прилично нов спорт е одличен начин да се доближат луѓето до природата, да се оддалечат од секојдневниот брз живот, во друштво на луѓе коишто преку спортот сакаат да ги истражат природните убавини кои ги нуди Македонија**



# НЕСОВЕСНИ ГРАЃАНИ ОТКОРНАЛЕ НОВО ЗАСАДЕНИ ДРВЈА ВО УЧИЛИШЕН ДВОР ВО КАРПОШ

**Општина Карпош, која оваа недела, започна со пролетното зазеленување на повеќе локации, меѓу кои и во рамки на ООУ Христијан Тодоровски Карпош, вчеравечер непријатно беше изненадена од вандалскиот чин на непознати сторители кои буквално ги откорнале ново засадените дрвја кои беа насадени во ова училиште. Станува збор за неколку млади садници кои требаше оваа пролет да ја освежат и разубават училишната околина во која престојуваат основците од ова училиште.**

**Општина Карпош го осудува девијантното однесување на несовесните граѓани и во оваа прилика, апелира до сите жители на Карпош и пошироко, да се грижат за здравата животна средина.**



# БЕЛЕЖЕЊЕ НА ПЕШАЧКИТЕ ПРЕМИНИ ПРЕД ГРАДИНКИТЕ И УЧИЛИШТАТА

**За поголема безбедност во сообраќајот Општина Карпош започна акција за повторно бележење на пешачките премини пред сите основни училишта и детски градинки кои се наоѓаат на нејзина територија. Денеска комуналните екипи ја обновија сообраќајната сигнализација пред основното училиште „Братство“, детската градинка „Мајски Цвет“ и пред гимназијата „Нова“ во населбата Тафталиџе 1. Општината сака да го зголеми нивото на безбедност во сообраќајот особено околу воспитно – образовните институции. Притоа, Општина Карпош апелира и до лицата кои управуваат со моторни возила, да се однесуваат одговорно и да ги почитуваат пропишаните правила за учество во сообраќајот.**



# ЕКО ВИКЕНД ВО КАРПОШ СО „ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД"

**Општина Карпош и оваа година се придружи на националната еко акција, ,,Генералка Викенд", во која се спроведе активно чистење на територија на цел Карпош, а која е во организација на „Мен енд маунтен„. Целта беше да се собере што е можно повеќе отпад, кој потоа ќе се однесе до најблиската ПАКОМАК, Нула Отпад или локалната комунална станица за отпад и кадешто потоа ќе се измери количината на собраниот отпад.**

**Предвидени се, за секои 10 килограми отпад, Министерството за земјоделство ќе донира по едно дрво во својот годишен план за пошумување нови шуми наречени „СОНЧЕВА ГОРА" – национални зелени споменици што ќе растат секоја година.**

**Првиот човек на Општината, Стевчо Јакимовски, е голем поборник за здрава и чиста околина, кој се вклучи во оваа еко акција и кој со задоволство истакна дека Општина Карпош е една од почистите општини во Градот:**

**-Во моментов се случува пролетна акција за чистење на Општина Карпош, и сите вработени во Општината се вклучени низ целата територија на истата. Се собира и најмалото хартивче, иако со задоволство можам да истакнам дека нашата Општина е една од најчистите општини. Среќни сме што имаме поддршка и од најмалите, оние кои несомнено треба да се грижат за хигиената и природата. Од она што на терен сега собираме најголем дел се најлончиња од опаковки од цигари, пикавци, запалки, што значи дека пушачите се најнеодговорната група кои се жители на Општина Карпош или кои поминуваат низ оваа општина. Би сакал да упатам апел до нив, секое хартивче да се стави во џеб и да се фрли во најблиската корпа-рече Јакимовски кој потсети за зеленилото во оваа Општина, односно косењето кое ќе се одвива и во наредниот период**



# „ВОДНО ВО КАРПОШ-КАРПОШ НА ВОДНО“-ПРОЕКТ НА КЦК

**Во организација на Креативниот центар-Карпош, во дворот на ООУ„Вера Циривири-Трена “, се одржа завршниот настан од проектот насловен „Водно во Карпош-Карпош на Водно“. Општина Карпош е главниот поддржувач на активностите кои се спроведуваат во КЦК, а во чиј проект се изучува биодиверзитетот на парк-шумата Водно, како и содржините на Водно во училиштата во Општина Карпош. Овој проект е финансиран од ЕУ преку Асоцијација на млади правници на Македонија од програмата „Младински активизам за позелени општини“.**

**Во рамки на проектот, младите креативци – ученици од основните училишта во Општина Карпош изработија мерни инструменти за паралелно мерење на загаденоста на воздухот на Водно и во урбаниот дел на Општина Карпош, и тоа го направија преку четири мисии. Покрај тоа, преку четири експедиции, креативците се запознаа со живиот свет (флората, фауната и микрофлората) на Водно при што изработија, под менторство на експерти, збирки на растенија, габи и фотодокументација на животни кои живеат на Водно. Наставниот кадар од училиштата во Општина Карпош, вклучен во проектот, подготви наставни содржини за Водно по предметите природни науки и биологија кои се изучуваат во рамки на редовната настава.**

**На настанот присуствуваше и градоначалникот Јакимовски кој ја поздрави оваа иницијатива и во оваа пригода истакна дека Општина Карпош и понатаму ќе поддржува активности од овој тип. По тој повод, се обрати основачот на КЦК, Зоран Поповски, кој накратко раскажа за проектот кој изминатиоов период се одвиваше со учениците вклучени од десетте училишта.**

**-Добар дел од планината Водно се наоѓа во Карпош и целта на Креативниот центар Карпош беше да воспоставиме паралелен мониторинг на загаденоста на воздухот на падините на Водно и во урбаниот дел на Карпош. Учениците од десетте училишта на територија на Општина Карпош преку работилници, создадоа три мерни инструменти кои што еве сега се достапни практично за целокупната јавност.**



# СООПШТЕНИЕ

**Во врска со поставените реквизити за рингишпил во близина на спортскиот центар Борис Трајковски, Општина Карпош демантира дека е издадено било какво одобрение за негово функционирање од едноставна причина што општината нема надлежност за издавање на вакви одобренија.**

**Очигледно се работи за насилник за кого законските процедури не важат, па според тоа надлежните државни институции треба најостро да го санкционираат, имајќи во предвид дека ги нема потребните одобренија да ја врши оваа дејност на предметната локација.**

**Доколку некој врши дејност без потребни согласности од надлежни локални или државни институции и без соодветна техничка документација, забрана за вршење на дејноста изрекува државниот пазарен инспекторат.**

**Бидејќи во текот на вчерашниот дел на лице место покрај нашиот градежен инспектор беа и инспектори од МВР, УЈП и Пазарен инспекторат, општината бара тие да ги искористат своите законски овластувања и да се затвори овој случај.**

**Со почит,**